# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

СКМ-ЗП-РУ-О8/01

International Chamber of Commerce
Association of Balkan Chambers
Balkan Center for Trade Promotion
European Banking Federation — The Voice of European Banks
Central European Initiative
enterprise europe network

Бр. 07-4226/1
27.12.2013 година
Скопје

До
Владата на Република Македонија

Скопје

Предмет: Доставување работен текст на Предлог за донесување закон за посредување на промет со недвижности

Почитувани,

Во името на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, во прилог Ви доставуваме работен текст на Предлог за донесување закон за посредување на промет со недвижности, заедно со Образложението за потребата од донесување на ваков закон, за ваше запознавање и ваши натамошни активности околу отпочнување на процес за донесување на ова законско решение.

Посредувањето во прометот со недвижен имот е област која не е регулирана со закон, па затоа членките на Групацијата на агенции за недвижности се залагаат за донесување на законско решение, со кое се очекува да се регулира статусот на агенциите за промет со недвижен имот, создавање на професионален кадар, подобрување на квалитетот на услугите, но и зголемување на процентот на вработеност во државата.

Се надеваме дека Предлогот за донесување на ова законско решение ќе биде разгледан, ќе се преземат конкретни мерки и активности и истиот ќе се проследи до соодветното ресорно министерство надлежно за регулирање на областа посредувањето на прометот со недвижен имот.

Лице за контакт од Сторанската комора на Македонија е Марија Петроска, тел. 02/ 3244 017, моб. 070/570 208 или на: marija@mchamebr.mk .

Во очекување на позитивна повратна информација за отпочнување процес за донесување на овој законски проект, остануваме со изрази на особено почитување.

Извршен директор,
М-р Јелисавета Георгиева

Подготви: Марија Петроска
Одобри: Стојмирка Тасевска

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**До: СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

СТОПАНСКА КОМОРА на МАКЕДОНИЈА
Примено: 08. 01. 2014
08 | 16/1

Бр. 41-10597/1
Скопје 31.12.2013година

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Архивски знак
Рок на чување ... год.
... год.
Потпис

Почитувани,

Ве известуваме дека вашиот Предлог за донесување Закон за посредување на промет со недвижности, под бр.07-4226/1 од 27.12.2013 година е доставен/упатен **на надлежност** до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски.

Со почит,

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**

**Иљхам Исмани**

Подготвил: Македонка Костадинова
Контролирал: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Бизнес

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Ул. Даме Груев број 6, 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Архивски знак ____________
Рок на чување ________
Датум: ______ . 20 __ год.
Скопје
Потпис
____________

Датум: 03-02 2014 година

До: Стопанска Комора на Македонија

Предмет: Известување

Врска: Наш бр. 02 – 22/2 од 03-2 2014 година
Ваш бр. 07 – 4226/1 од 27.12.2013 година

Почитувани,

Во врска со доставениот работен текст на Предлогот за донесување на закон за посредување на промет со недвижности, известуваме дека Министерството за транспорт и врски го разгледа работниот текст на предлогот на законот и имајќи во предвид дека досега посредувањето на промет со недвижности не е законско регулирано, сметаме дека има основа за донесување на ваков Закон.

Со почит,

МИНИСТЕР
Миле Јанакиески

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 05.02.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 341/1 | | |

Архивски знак: ________
Рок на чување ________
________ ______ год.
Скопје

**СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA**

FS 549642

СКМ-ЗП-РУ-О8/01

International Chamber of Commerce

ATA carnet

Association of Balkan Chambers

EUROCHAMBRES

Balkan Center for Trade Promotion

European Banking Federation

urelectric

FIATA

SECI

CEI Central European Initiative

enterprise europe network

Superbrands

Бр. 07-16/2
02.07.2014година
С к о п ј е

До
Министерство за финансии

С к о п ј е

Предмет: Доставување работен текст на Предлог за донесување закон за посредување на промет со недвижности

Почитувани,

Во името на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, до Владата на Република Македонија, со писмо бр. 07-4226/1 од 27.12.2013 година, беше доставен работен текст на Предлог за донесување закон за посредување на промет со недвижности, заедно со Образложението за потребата од донесување на ваков закон. Од страна на Владата на РМ, со писмо бр. 08-16/1 од 08.01.2014 година ни беше доставено Известување дека предметот е доставен во надлежност на Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски. Од Министерството за транспорт добивме одговор дека има основа за донесување на ваков Закон.

Очекуваме дека и Министерството за финансии позитивно ќе се произнесе за донесување на ваков Закон, при што на еден заеднички работен состанок со претставници на Групацијата на агенции за недвижности, ќе се дадат дополнителни објаснувања и ќе се преземат конкретни активности за отпочнување процес за донесување на овој законски проект, со што ќе се создадат услови за регулирање на областа посредувањето на прометот со недвижен имот.

Лице за контакт од Стопанската комора на Македонија е Марија Петроска, тел. 02/ 3244 017, моб. 070/570 208 или на е-адреса: marija@mchamebr.mk

Во очекување на позитивна повратна информација за одржување на заеднички работен состанок и отпочнување процес за донесување на овој законски проект, остануваме со изрази на особено почитување.

Извршен директор,
М-р Елисавета Георгиева

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Подготви: Марија Петроска
Одобри: Билјана Пеева Ѓуриќ

Прилог: -Работен текст на Предлог за донесување закон за посредување на промет со недвижности
-Образложение за донесување закон за посредување на промет со недвижности

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

[redacted]

Република Македонија
Министерство за финансии

Бр.26-24140/2
Скопје 02.09.2013 година

Република Македонија
Министерство за финансии
-Управа за имотно-правни работи-
Даме Груев бр.14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106 196
Факс:++ 389 2 3106 362
Е-пошта:
valentina.dimitrovska@finance.gov.mk
Веб страна: finance.gov.mk

ДО: СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Скопје

03.09.2014
08 16/3

Предмет: Мислење
Врска: Ваш број 07-16/2
од 02.07.2014 година

Почитувани,

Посредувањето во прометот со недвижен имот е област која се уште не е регулирана со закон, па затоа членките на Групацијата на агенции за недвижности се залагаат за донесување на законско решение, со кое се очекува да се регулира статусот на агенциите за промет со недвижен имот, создавање на професионален кадар, подобрување на квалитетот на услугите, но и зголемување на процентот на вработеност во државата.

Сите држави членки на Европската Унија имаат правна регулатива со која се регулира оваа област, а во регионот во Хрватска веќе има донесено ваков закон, додека истиот во Србија е во фаза на изготвување.

Во Република Македонија во изминатите години имаше неколку случаи на измами каде граѓаните изгубија значителни износи на средства инвестирајќи во недвижен имот што не постои, преку уплатување на пари на сомнителни "посредници". Со донесување на цврста законска регулатива во оваа област ќе се намалат можностите за малверзации кои се на штета на граѓаните.

Индиректно, со донесување на овој закон се очекуваат и фискални придобивки за државата. За добивање лиценца друштвата ќе мора да имаат вработени најмалку две лица, така што се очекува да има тенденција на зголемување на вработувањата во друштвата кои се занимаваат со посредување во прометот со недвижности. Со наметнување на обврската друштвото кое се занимава со оваа дејност да врши пријава во надлежните институции на секој договор за закуп на недвижност, ќе се зголеми наплатата на данок на недвижности под закуп.

Врз основа на погоре наведеното, Министерството за финансии смета дека е основано донесувањето на предложениот закон.

Со почит,

Зоран Крстаноски
Директор
на Управа за имотно-правни работи

Изработил: Влентина Димитровска